**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 0302-97/1
05.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПЛАН ЗА АКЦИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024

Оперативниот план за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост (НПАРЕ), кој пак произлегува од Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027, е изготвен во согласност со потребата од спроведување на обврските на регулаторното тело предвидени во НПАРЕ 2022-2024, како и во Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година кој пак предвидува дека Агенцијата на годишно ниво ќе изработува анализи за третманот на родовите прашања во програмите на радиодифузерите како и за тоа како се прикажани жените и мажите во нив, а за оваа активност ќе поднесува извештај до Собранието на Република Северна Македонија.

Оперативниот план за 2024 година ги следи стратешките цели во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и во НПАРЕ 2022 – 2024, а за конкретните активности во надлежност на Агенцијата дополнително се посочени и посакуваните резултати, како и индикаторите за нивно мерење, а потоа и соработниците при исполнувањето на обврските, временските рамки за нивното реализирање и изворите на финансирање.

Регулаторното тело е посочено како институција - носителка на активности во општата цел 2 - „Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот“, поточно во целта 2.4: „Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот“, како и на активности од општата цел 3 – „Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет“, поточно во специфичната цел 3.2: „Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост“. Освен ова, Агенцијата е наведена како институција - соработничка во активности од специфичната цел 3.2: „Примена на меѓународни стандарди за борба против сексизам во мерки и политики“ (одговорна институција МТСП) и „Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области“ во делот на организирањето работилници (одговорна институција МТСП).

Архивски знак: 0302
Рок на чување: неопределено
05.01.2024 год.

**ОПШТА ЦЕЛ 2:** Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот

| Специфична цел 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Индикатор на ниво на резултат** | **Активности** | **Носител** | **Износ на потребен буџет** | **Временска рамка** | **Извор на финансирање** |
| **Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите** | Објавени годишни тематски анализи | Изработка на студии, анализи поврзани со претставувањето на родот и родовите прашања на ТВ и Радио | **Одговорна институција**: АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработник за истражувањето**: Економски оператор со соодветни квалификации избран на јавна набавка | 650.000,00 денари (сума планирана во Планот за јавни набавки) | Во текот на 2024 година | Буџет на АВМУ |
| | Објавени и доставени родово разделени статистички податоци во ДЗС | Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио | **Одговорна институција**: АВМУ- Сектор за стратешко планирање и авторски права – Одделение за стратешко планирање и | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | Во текот на 2024 година | Буџет на АВМУ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост | | | |
| | | Објавување на одлуки по претставки на граѓани | **Одговорна институција:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост, Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Одделение за поддршка на работата на директорот и односи со јавност и Сектор за правни работи и јавни набавки | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | Во текот на 2024 година | Буџет на АВМУ |
| | | Јавно презентирање на резултатите | | Преводи и печатење на документи (зависи од јавни набавки), средства за плати и придонеси на | Во првата половина на 2024 година | Буџет на АВМУ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вработени во АВМУ | | |

**ОПШТА ЦЕЛ 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет**

| Специфична цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Индикатор на ниво на резултат** | **Активности** | **Носител** | **Износ на потребен буџет** | **Временска рамка** | **Извор на финансирање** |
| **Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги** | Примена на меѓународни стандарди за борба против сексизам во мерки и политики | Примена во пракса на постоечкото законодавство и на меѓународните стандарди | **Одговорна институција:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост, | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | По потреба во текот на 2024 | Буџет на АВМУ |
| | | Препораки за унапредување на законската рамка или за програми за дејствување | **Одговорна институција:** АВМУ - повеќе сектори | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | По потреба во текот на 2024 | Буџет на АВМУ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Објавување на релевантни документи на сајтот https://rodotimediumite.mk/ (кој го администрира АВМУ) | **Одговорна институција:** АВМУ - повеќе сектори | Средства за одржување на веб страницата (зависи од јавна набавка) и средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | | Буџет на АВМУ, |
| | Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области | Мерки за поттикнување на јавноста за пријавување на сексистички говор на омраза – јавни известувања, брошури за поднесување претставки | **Одговорна институција:** АВМУ- повеќе сектори, **Соработници**: ГО | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | По потреба во текот на 2024 | Буџет на АВМУ |
| | | Објавување информации за дејствија преземени против дискриминаторската содржина во медиумите | **Одговорна институција:** АВМУ- повеќе сектори, **Соработници**: ГО | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | По потреба во текот на 2024 | Буџет на АВМУ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организирана работилница за препознавање и реакција на сексистички говор и омраза | Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на родови стереотипи, предрасуди, дискриминација и сексистички говор на омраза, како и во врска со известувањето за родово заснованото насилство, со мерење на стекнати знаења | **Одговорна институција:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработници**: ГО | | Во втората половина од 2024, обука за локалните радиодифузери | Буџет на АВМУ, „ПРО-ФРЕКС-СМ Заштита на слободата на изразување и на медиумите“ (ЈУФРЕКС 3 - Совет на Европа и ЕУ – 2023-2026) |
| **Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности** | Спроведување систем за обуки за родова сензитивност на лицата кои работат во радио и ТВ, особено во поглед на родово засновано насилство | Спроведување план и програма за видови на обуки поврзани со родови стереотипи, родова еднаквост и различности, како и за родово засновано насилство | **Одговорна институција:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработници**: ГО | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | Во втората половина од 2024, со реализација на планираната обука наменета за локалните радиодифузери, ќе се реализираат и планираните обуки/работилници за периодот 2020/2024 | Буџет на АВМУ, „ПРО-ФРЕКС-СМ Заштита на слободата на изразување и на медиумите“ (ЈУФРЕКС 3 - Совет на Европа и ЕУ – 2023-2026) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воведена родово разделена статистика за лица кои учествувале и ги завршиле обуките | | **Одговорна институција:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост | Средства за плати и придонеси на вработени во АВМУ | Се реализира заедно со претходните две активности | Буџет на АВМУ |

**Забелешка**:

1. Агенцијата е наведена како институција - соработничка кај следниве активности:

- *„Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ“*, во **Специфичната цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост (одговорна институција МТСП).**

- *„Мерки за поттикнување на јавноста за пријавување на сексистички говор на омраза – јавни известувања, брошури за поднесување претставки; Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистички говор на омраза, со мерење на стекнати знаења“* во **Специфичната цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост (одговорна институција МТСП).**

Доколку институциите кои според НПАРЕ 2022-2024 се одговорни за нивно реализирање, предвидат активности за 2024 година, Агенцијата, на нивно барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

***Сектор за програмски работи***

Бр.______________

--.--.2024 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**